**Влада на Република Македонија**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Врз основа на член 21 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15 и 154/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, распишува

# ЈАВЕН ОГЛАС бр.04/15
## за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Се дава во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост со вкупна површина од **2ха 65ар 59м²** , за **Регион Струмица - Географска целина 1.**

| Р. бр | КАТАСТАРСКА ОПШТИНА | МЕСТО ВИКАНО | И.Л. бр. | К.П. бр | култура | К.К | ПОВРШИНА | | | Површина на целината – блок со природни граници | | | Намена на земјоделското земјиште | Службеност и други товари | Состојба во која се наоѓа земјиштето (под култура или не) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | м² | ха | ар | м² | | | |
| 1 | КУКЛИШ-ВОН Г.Р. | Папра | 1950 | 2853/1 | нива | 7 | 2 | 65 | 59 | | | | Нива | Нема | Не |
| | Вкупно: | | | | | | 2 | 65 | 59 | | | | | | |

Податоците за земјоделското земјиште предмет на овој јавен оглас (за службености и други товари, за состојбата во која се наоѓа земјиштето, катастарските податоци содржани во имотниот лист) се во согласност со постоечката катастарската евиденција и увид во тие податоци за секоја површина може да се направи на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на огласна табла во подрачната единица на Министерството, надлежна за соодветната огласена површина.

Максималната површина за која може да аплицира и добие еден понудувач по овој оглас во однос на понудените катастарски парцели е 3 хектари.
Земјоделското земјиште во државна сопственост кое се дава во закуп со овој јавен оглас е со намена за подигање на долгогодишни насади (лозја, овоштарници, хмељ) и оранжерии за период до 30 години.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

1) Право на учество на јавниот оглас имаат домашни физички и правни лица и странски правни лица.
2) Физичките лица треба да се регистрирани вршители на земјоделска дејност и/или запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства и/или да се трговец поединец на кои земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност.
3) Странските правни лица имаат право да учествуваат на јавен оглас доколку имаат регистрирано подружници во Република Македонија.
4) На домашните и странските правни лица или нивните подружници земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност или земјоделското земјиште им е потребно за вршење на научно - истражувачки дејности.
5) Поврзаните лица во смисла на поврзани правни лица, поврзани физички лица, поврзано физичко лице со правно лице и индиректно поврзани лица во правно лице имаат право на учество на јавниот оглас и можат да доставaт само една понуда за учество.
6) Право на учество на јавниот оглас имаа лицата кои немаат склучено важечки договор за закуп со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
7) Право на учество на јавниот оглас немаат лицата кои ги немаат намирено обврските по основ на закупнина по претходно склучени договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост и даночни обврски и придонеси по основ на: персонален данок на доход, данок на додадена вредност, данок на добивка, придонеси од задолжително социјално осигурување.
8) Право на учество на јавниот оглас немаат правни лица за кои е отворена стечајна постапка, како и непрофитните организации.

## III. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ОГЛАС

1) Учесниците на јавниот оглас за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост во закуп за површини до 3 хектари во прилог на пријавата треба да доставaт:
**а) за правни лица:**
-пријава (образец од подрачна единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство);
-доказ (акт) издаден од Централниот регистар на Република Македонија за извршениот упис во трговскиот регистар или од друг надлежен орган за упис на правните лица;

-доказ за намирени обврски по однос на даночни обврски и придонеси по основ на: персонален данок на доход, данок на додадена вредност, данок на добивка, придонеси од задолжително социјално осигурување;
-доказ за сопственост (сообраќајна дозвола, фактура, договор за купопродажба заверен на нотар, правосилна судска одлука или акт на друг надлежен орган) или договор за користење на трактор како основно средство;
-изјава дадена под целосна материјална и кривична одговорност дека понудата се поднесува независно без договор со другите учесници на јавниот оглас, а која е во спротивност со членот 24 од Законот за земјоделското земјиште, дека не е поврзано лице во смисла на поврзани правни лица, поврзани физички лица, поврзано физичко лице со правно лице и индиректно поврзани лица во правно лице;
-изјава заверена на нотар за веродостојноста на податоците дадени со пријавата за учество;
-бизнис план кој содржи основни податоци за учесникот, целта за која ќе го користи земјиштето, применета технологија, број на вработени, пазарни аспекти, очекувани производно - економски резултати и планирана инвестиција и
-изјава (заверена на нотар) од основачите и одговорното лице во правното лице дека не биле основачи или управители на правното лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор.

**б) за физички лица:**
-пријава (образец од подрачна единица на Министерството);
-доказ за намирени обврски по однос на даночни обврски и придонеси по основ на: персонален данок на доход, данок на додадена вредност, данок на добивка, придонеси од задолжително социјално осигурување;
-доказ за сопственост (сообраќајна дозвола, фактура, договор за купопродажба заверен на нотар, правосилна судска одлука или акт на друг надлежен орган) или договор за користење на трактор како основно средство;
-фотокопија од лична карта;
-потврда за упис во единствениот регистар на земјоделски стопанства, решение за регистриран вршител на земјоделска дејност или доказ од централен регистар за регистриран трговец поединец;
-програма за користење на земјиштето која содржи основни податоци за семејството, техничко-технолошка опременост, целта за која ќе го користи земјиштето, пазарни аспекти и износ на планирана инвестиција;
-изјава за веродостојноста на податоците дадени со пријавата заверена на нотар;
-изјава дадена под целосна материјална и кривична одговорност дека понудата се поднесува независно без договор со другите учесници на јавниот оглас, а која е во спротивност на членот 24 од овој закон, дека не е поврзано лице во смисла на поврзани правни лица, поврзани физички лица, поврзано физичко лице со правно лице и индиректно поврзани лица во правно лице и
-изјава заверена на нотар дека не бил основач или одговорно лице во правното лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор.
2) Потребната документација се доставува во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

3) Условите предвидени во бизнис планот (за правни лица), односно пазарните аспекти (кај физички лица) ќе бидат составен дел на договорот со избраниот понудувач како договорни обврски кои ќе биде должен да ги исполни во обемот, роковите и на начинот како што ќе бидат опишани во јавниот оглас.

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

1) Изборот на најповелен понудувач во постапка по јавен оглас за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, се врши согласно Правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде во закуп ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/08, 26/12, 2/13, 158/13, 110/15, 120/15 и 129/15) и тоа врз основа на следните критериуми:

-оддалеченоста на местото на живеење, односно седиштето на понудувачот во однос на земјоделското земјиште кое се нуди на јавниот оглас – 65 бодови.

-понудена годишна закупнина по хектар – 25 бодови.

-правниот статус на понудувачот – 10 бодови.

Критериумот оддалеченоста на местото на живеење, односно седиштето на понудувачот во однос на земјоделското земјиште кое се нуди на јавниот оглас значи дека одалеченоста на местото на живеење, односно седиштето на понудувачот во однос на катастарската парцела што се објавува се наоѓаат во иста катастарска општина и се бодира со максимален број на бодови. Доколку понудувач е подружница на домашно правно лице се зема во предвид седиштето на правното лице кое ја основало подружницата.

Критериумот понудена годишна закупнина по хектар се бодира согласно формулата – понудената годишна зкупнина по хектар поделена со највисоката годишна закупнина по хектар, помножена со максималниот број на бодови кои можат да се добијат согласно овој критериум.

Критериумот правниот статус на понудувачот се бодира со максимален број на бодови за понудувач кој е регистриран вршител на земјоделска дејност или осигуреник во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување како индивидуален земјоделец, трговец поединец или правно лице кои ги исполнуваат условите од член 24 од Законот за земјоделско земјиште.

## V. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКАТА

Во бизнис планот понудувачите кои доставуваат понуди за регион Струмица Географска целина 1, треба да предвидат изградба на оранжерија за производство на расад и објект за примарна обработка на земјоделски производи – откупно дистрибутивен центар, со минимална инвестиција од **100.000,00 Евра (сто илјади евра)** со рок на изградба од **4 (четири) години**.

Доколку најповолниот понудувач во предвидениот рок од денот на влегувањето во сила на склучениот договор не ги изгради предвидените планирани објекти договорот ќе престане да важи, а сите објекти кои се изградени или се во фаза на изградба ќе станат сопственост на Република Македонија без право на надоместок.

## VI.ПОЧЕТНА ЦЕНА

1) Почетната цена по хектар во постапка по овој јавен оглас се утврдува во зависност од катастарската класа и местоположбата на земјиштето.
2) Почетната цена по хектар во постапка по овој јавен оглас согласно член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за земјоделското земјиште изнесува 15 евра по хектар во денарска противвредност за земјоделско земјиште, по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.
Почетната цена за земјоделското земјиште во Регион Струмица - Географска целина 1 предмет на овој јавен оглас изнесува **40 Евра.**

## VII. ОБРАЗЕЦ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС (ПОНУДА)

1) Образецот за учество на јавниот оглас (понуда), може да се подигне во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, подрачните единици на Министерството и од веб страната на Министерството и истиот треба да се пополни со сите потребни податоци и да се достави со потребната документација во затворениот коверт, во спротивно понудата нема да биде разгледувана.
2) Понудите кои не ја содржат целата потребна документација, доставена во оргинал или фотокопија заверена на нотар, понудите кои се поднесени по истекот на рокот за поднесување, означен коверт со која би можел да се идентификува понудувачот, понуди помали од најнискиот износ на годишната закупнина, се поднесени од лице кое нема право да поднесува понуди, како и понудите кои не се изработени според условите утврдени во јавниот оглас, се отфрлаат како некомплетни.
3) Понудувачот кој не е задоволен од извршениот избор по јавниот оглас или повик за прибирање на понуди, може во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, може да покрене постапка пред надлежниот редовен суд.

## VIII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Образецот за учество на јавниот оглас (понудата) се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од понудувачот.
Секој понудувач може да достави само еден оригинален образец (понуда) за една или повеќе катастарски парцели или за повеќе катастарски парцели кои сочинуваат блок со природни граници.
Понудите се поднесуваат до Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, **во рок од 30 дена** од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневните весници кои се издаваат во Република Македонија од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат различно од македонскиот јазик.
Понудата и другата документација се доставуваат во затворен коверт на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката ***„не отворај„, „Понуда по Јавен оглас бр.04/15 за земјоделско земјиште под закуп за површина до 3 хектари во регион*** **(се впишува регионот) и во средина *„Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија бул.Илинден бр.2 Скопје”***
Ковертот не треба да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот, односно испраќачот.

## IX. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За дополнителни информации понудувачите може да се обратат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на телефон: **02 313 44 77** или да ја посетат веб страницата на Министерството www.mzsv.gov.mk